Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Verlut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Педагошка Служба - Shërbimi Pedagogjik
Скопје - Shkup

| Примено: Pranuar: | 27.04.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 26 | 501/2 | | |

До

Национална комисија за учебници при

Министерство за образование и наука на

Република Северна Македонија

ПРЕДМЕТ : **Извештај на членот известител м-р Весна Ничева за наставниот предмет Турски јазик за VIII одд. во деветгодишното основно образование.**

По разгледувањето на материјалите доставени од Педагошката служба при Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија од 22.4.2026 год., го поднесувам следниот

ИЗВЕШТАЈ

За наставниот предмет Турски јазик за VIII одд. во деветгодишното основно образование.

Врз основа на добиоениот материјал од Педагошката служба на МОН:

- Мислење од 21.4.2026 год.

Во мислењето потпишано од Џунет Нур- доц.др.Меѓународен балкански универзитет, Скопје, Сејхан Муртезан Ибрахими -вон. проф. др. Меѓународен балкански универзитет , Скопје и Умут Сулејмани – ООУ,, Врапчиште"- Врапчиште детално е образложено дека ракописот за учебник по Турски јазик за VIII ( осмо) одделение во основното образование е усогласен со целите и параметрите на наставната програма и дека ги исполнува условите за понатамошна процедура за издавање.

Врз основа на добиениот материјал од Бирото за развој на образованието

- Мислење од Бирото за развој на образованието од 18.2.2026 год. изготвено од

д-р Мелех Нуредини советник во БРО – координатор на работна група, Онур Абди, советник во БРО- Член и Сејхан Таравари, советник во БРО – Член, според кое се дава позитивно мислење согласно ставовите дека ракописот е изготвен согласно наставната програма, дека содржи

соодветно избрани текстови и задачи кои овозможуваат развивање на јазични и комуникациски вештини, читање со разбирање и изразување на мислење. Исто така наведено е дека учебникот доставен под шифра 9 нуди можност за оставрување на резултатите од учењето и стандардите за оценување.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Согласно погоре наведените мислења, како Член известител за учебникот по предметот Турски јазик за VIII ( осмо) одделение во деветгодишното основно образование, предлагам на членовите на Национална комисија за учебници при Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија ДА ГИ ПРИФАТИ ИЗВЕШТАИТЕ НА БИРОТО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО И НА РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА , РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИК ПО ПРЕДМЕТОТ **ТУРСКИ ЈАЗИК ЗА VIII ( осмо) ОДДЕЛЕНИЕ СО ШИФРА БРОЈ 9,** ДА ГО ПРИФАТИ И ДА СЕ ПРОДОЛЖИ ВО ПОНАТАМОШНА ПРОЦЕДУРА ЗА ИЗДАВАЊЕ.

Скопје, 27.4.2026 година

Известител:

м-р Весна Ничева